АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4364 | 1 | |

14:20

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: 4 и 5 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 6 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76 став 4 од Изборниот законик** („Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 4 и на 5 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво (Д3), **констатирано е прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик**. Радиодифузерот емитуваше платено политичко рекламирање во две изданија на посебната информативна програма „24 Отворено" (дебатна емисија), преземена од програмскиот сервис ТВ 24 Вести, емитувани на 4 и на 5 октомври 2017 година.

На 4 октомври 2017 година, посебната информативна програма „24 Отворено" се емитуваше во периодот од 17:22:10 до 19:12:01 часот. Платеното политичко рекламирање за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се емитуваше во два наврати, во периодот од 17:42:03 до 17:46:33 часот и во периодот од 18:34:52 до 18:36:02 часот.

**04.10.2017**

| **Период на емитување на посебната информативна програма „24 Отворено" - 17:22:10 - 19:12:01** | | |
|---|---|---|
| **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
| 17:42:03 - 17:46:33 | 00:04:30 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. |
| 18:34:52 - 18:36:02 | 00:01:10 | |

На 5 октомври 2017 година, посебната информативна програма „24 Отворено" се емитуваше во периодот од 17:24:37 до 19:05:13 часот. Платеното политичко рекламирање за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се емитуваше во два наврати, во периодот од 17:46:02 до 17:50:32 часот и во периодот од 18:34:42 до 18:35:52 часот.

**5.10.2017**

| **Период на емитување на посебната информативна програма „24 Отворено" - 17:24:37 - 19:05:13** | | |
|---|---|---|
| **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
| 17:46:02 - 17:50:32 | 00:04:30 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. |
| 18:34:42 - 18:35:52 | 00:01:10 | |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 4 и на 5 октомври 2017 година, емитуваше платено политичко рекламирање во посебна информативна програма (дебатна емисија).

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***